**ЗАПИСНИК**
**од 6-та седница на Советот**
**одржана на 07.04.2010 година**

**Присутни членови на Советот:** Зоран Стефаноски, Илир Ајдини, акад. Али Алиу, акад. Бојан Шоптрајанов, проф. д-р Томе Груевски, Панче Наумов, Фарук Омерагиќ и Столе Наумов.

**Отсутни:** Бранко Радовановиќ (најавено отсуство).

**Присутни од Стручна служба:** Огнен Неделковски, Слободан Беличански, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Арбен Саити, Емилија Петревска - Камењарова, Борче Маневски, Магдалена Давидовска - Довлева и Симона Темелкова.

Седницата ја отвори и ја водеше Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски, кој на почетокот на седницата предложи точката 3: "Предлог-Правилник за условите и начинот на користење на службените моторни возила на Советот за радиодифузија на РМ", да се тргне од дневен ред и на нејзино место, точка 3 да биде точката "Предлог-Одлука за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност, на подрачјето - Охрид со најблиската околина, за емитување и пренос на радио програмски сервис на локално ниво, говорно радио со претежно информативен општ формат на македонски јазик, на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид, а согласно Одлуката на Советот за спроведување постапка на организациона и сопственичка трансформација на постојното јавно претпријатие кое врши радиодифузна дејност - радио на локално ниво "Општествено претпријатие Радио Охрид" бр.02-1300/21 од 29.05.2006 година". Исто така, тој предложи под точката "Разно" да се додадат следните точки: "Информација за потпишаниот Протокол за соработка за превенцијата и репресија на корупцијата и судирот на интереси од страна на Советот за радиодифузија на РМ" и "Информација за Писмото на намери на Радио Франс Интернатсионал, со седиште во Париз (наш број 03 УПП 75 од 31.03.2010 година)".

Потоа од страна на членовите на Советот беа прифатени предлозите, при што за седницата беше утврден следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Извештај од анализата на програмските сервиси на Македонско Радио.
2. Барање средства од Здружението на јавни локални радиодифузни претпријатија на РМ за поддршка на трансформацијата на локалните јавни медиуми во Македонија.
3. Предлог-Одлука за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност, на подрачјето - Охрид со најблиската околина, за емитување и пренос на радио програмски сервис на локално ниво, говорно радио со претежно информативен општ формат на македонски јазик, на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид, а согласно Одлуката на Советот за спроведување постапка на организациона и сопственичка трансформација на постојното јавно претпријатие кое врши радиодифузна дејност - радио на локално ниво "Општествено претпријатие Радио Охрид" бр.02-1300/21 од 29.05.2006 година.
4. Информација за барањето на ТРД Телевизија Тиквешија ДООЕЛ од Кавадарци за согласност за промена на сопственичката структура.
5. Информација за извршена промена на сопственичката структура на ТРД Голди ДООЕЛ од Велес, без добиено одобрение од Советот.
6. Предлог-Одлука за користење стручна помош од надворешен соработник – стручен консултант, во изработката на описот и пописот на архивската граѓа од трајна вредност на Советот за радиодифузија за 2009 година.
7. Препраќање на Барање за пристап до информации од јавен карактер до Собранието на РМ.
8. Барање за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување

преку јавна комуникациска мрежа на ТРД оператор на кабелска мрежа Парма Шпед, село Карпош, Куманово (Потврда бр.2).

9. Барање за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД оператор на кабелска мрежа Супер Кабел, с.Брвеница (Потврда бр.2).

10. Барање за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД оператор на кабелска мрежа НЃМ К-Ристал, с.Враниште, Струга (Потврда бр.2).

11. Барање за регистрација на дигиталниот пакет програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ за градовите Велес, Скопје, Свети Николе, Штип и Битола (Потврда бр.1).

12. Барање за регистрација на програмски пакет на Македонски Телеком АД за електронски комуникации - Скопје (Потврда бр.6).

13. Разно.

- Информација за потпишаниот Протокол за соработка за превенцијата и репресија на корупцијата и судирот на интереси од страна на Советот за радиодифузија на РМ.
- Информација за Писмото на намери на Радио Франс Интернатсионал, со седиште во Париз (наш број 03 УПП 75 од 31.03.2010 година).

**Точка 1**

Во врска со Извештајот од анализата на програмските сервиси на Македонско Радио, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да се усвојува предложениот Извештај од анализата на програмските сервиси на Македонско Радио. На Македонско Радио – Втора програма да му се упати укажување за прекршување на член 124 став 3 од Законот за радиодифузната дејност. Советот го задолжи Секторот за правни работи, во соработка со Секторот за програмски работи да го подготват укажувањето од точката 2 на овој заклучок. Советот го задолжи Секторот за програмски работи да го испрати до МРТ Извештајот од анализата на програмските сервиси на Македонско Радио, поточно до: Советот на МРТ, Управниот Одбор на МРТ и до директорот на Македонско Радио.

**Точка 2**

Советот го разгледа предложеното Барање од Здружението на јавни локални радиодифузни претпријатија на РМ за одборување средства за поддршка на трансформацијата на локалните јавни медиуми во Македонија. Најпрво, Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски побара од Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, мислење во врска со предложеното барање. Радуновиќ истакна дека минатата година на Здружението на јавни локални радиодифузни претпријатија на РМ му се одобрени средства во износ од 50.000,оо денари и до денешен ден тие ги неммат вратени и воопшто не се ни изјасниле кога ќе ги вратат. Тој напомена дека во Финансискиот план на Советот за радиодифузија на РМ за 2010 година не се предвидени такви средства. Потоа збор побара членот на Советот, Бојан Шоптрајанов, кој рече дека е чиста ситуацијата и дека не треба да се одобрат тие средства. Потоа, членот на Советот, Фарук Омерагиќ истакна дека смета дека е тежок процесот на трансформација на локалните јавни медиуми во Македонија и побара Советот уште еднаш финансиски да му помогне на Здружението на јавни локални радиодифузни претпријатија на РМ. На тоа реплицираше Заменикот на Преседателот на Советот, Илир Ајдини, кој рече дека во Финансискиот план на Советот за радиодифузија на РМ за 2010 година не се предвидени такви средства. Потоа Советот донесе заклучок да не го усвои Барањето од Здружението на јавни локални радиодифузни претпријатија на РМ за одобрување средства за поддршка на трансформацијата на локалните јавни медиуми во Македонија. При гласањето, против овој заклучок беше членот на Советот, Фарук Омерагиќ, а сите други членови на Советот гласаа "за". Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за економско-финансиски работи, да

подготват одговор, во кој ќе дадат образложение за причините поради кои не е усвоено горенаведеното Барање и да го достават до Здружението на јавни локални радиодифузни претпријатија на РМ.

**Точка 3**

Во врска со Предлог-Одлуката за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност, на подрачјето - Охрид со најблиската околина, за емитување и пренос на радио програмски сервис на локално ниво, говорно радио со претежно информативен општ формат на македонски јазик, на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид, а согласно Одлуката на Советот за спроведување постапка на организациона и сопственичка трансформација на постојното јавно претпријатие кое врши радиодифузна дејност - радио на локално ниво "Општествено претпријатие Радио Охрид" бр.02-1300/21 од 29.05.2006 година, Советот за радиодифузија на РМ донесе одлука да се додели 1 (една) дозвола за вршење радиодифузна дејност, на подрачјето - Охрид со најблиската околина, за емитување и пренос на радио програмски сервис на локално ниво, говорно радио со претежно информативен општ формат на македонски јазик, на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид. Радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид ќе се емитува и пренесува преку терестријален предавател на фреквенција 89 МХз, на локацијата Охрид. Советот го задолжи Секторот за правни работи да ја подготви Одлуката за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност, наведена во точката 1 од овој заклучок. Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да ја објави во "Службен весник на РМ" одлуката за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност, наведена во точката 1 од овој заклучок. Советот го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавност да подготви Соопштение и да го објави на ВЕБ страницата на Советот. Советот го задолжи Секторот за правни работи да ја извести Агенцијата за електронски комуникации за доделената дозвола и во прилог да им ја прати Одлуката за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност наведена во точката 1 од овој заклучок.

**Точка 4**

Во врска со предложената Информација за барањето на ТРД Телевизија Тиквешија ДООЕЛ од Кавадарци за согласност за промена на сопственичката структура, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да го усвои Барањето за промена на сопственичката структура на ТРД Телевизија Тиквешија ДООЕЛ од Кавадарци и на ТРД Телевизија Тиквешија ДООЕЛ од Кавадарци да и се издаде одобрение за промена на сопственичката структура. Советот го задолжи Секторот за правни работи, во соработка со Секторот за истражување и долгорочен развој да го реализираат овој заклучок согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот за радиодифузија.

**Точка 5**

Во однос на предложената Информација за извршена промена на сопственичката структура на ТРД Голди ДООЕЛ од Велес, без добиено одобрение од Советот, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да се усвои Барањето за промена на сопственичката структура на ТРД Голди ДООЕЛ од Велес и на ТРД Голди ДООЕЛ од Велес да му се издаде одобрение за промена на сопственичката структура. Советот го задолжи Секторот за правни работи, во соработка со Секторот за истражување и долгорочен развој да го реализираат овој заклучок согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот за радиодифузија.

**Точка 6**

Во врска со Предлог-Одлуката за користење стручна помош од надворешен соработник – стручен консултант, во изработката на описот и пописот на архивската граѓа од трајна вредност на Советот за радиодифузија за 2009 година, Советот за радиодифузија на РМ донесе Одлука да се користи стручна помош од надворешен соработник - стручен консултант, во изработката на описот и пописот на архивската граѓа од трајна вредност на Советот за радиодифузија за 2009 година. За стручната помош да се плати надоместок во нето износ од 6.000,00 денари. Средствата се предвидени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2010-та година. Советот го задолжи Секторот за правни работи да ја подготви Одлуката од точка 1.

**Точка 7**

Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да се препрати до Собранието на РМ барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од ТРД Радио Канал 77 – Штип, бр. 12-908/1 од 29.03.2010 година, согласно член 3 став 1 алинеја 1 и член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ" бр. 13/2006, 86/2008 и 6/2010), а во врска со член 24 став 1 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на РМ" бр. 100/2005, 19/2007,103/2008,152/2008 и 6/2010). Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да го препрати до Собранието на РМ барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од ТРД Радио Канал 77 – Штип.

**Точка 8**

Во врска со Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД оператор на кабелска мрежа Парма Шпед, село Карпош, Куманово, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да го прифати Барањето за дополнување на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД оператор на кабелска мрежа Парма Шпед, село Карпош, Куманово и да му издаде Потврда бр.2 за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да ги запише барањето и потврдата во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка – Уп 1.

**Точка 9**

Во врска со Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД оператор на кабелска мрежа Супер Кабел, с.Брвеница, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да го прифати Барањето за дополнување на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД оператор на кабелска мрежа Супер Кабел, с.Брвеница и да му издаде Потврда бр.2 за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да ги запише барањето и потврдата во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка – Уп 1.

**Точка 10**

Во врска со Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД оператор на кабелска мрежа НЃМ К-Ристал, с.Враниште, Струга, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да го прифати Барањето за дополнување на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД оператор на кабелска мрежа НЃМ К-Ристал, с.Враниште, Струга и да му издаде Потврда бр.2 за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да ги запише барањето и потврдата во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка – Уп 1.

**Точка 11**

Во врска со Барањето за регистрација на дигиталниот пакет програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ за градовите Велес, Скопје, Свети Николе, Штип и Битола, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да го прифати Барањето за регистрација на дигиталниот пакет програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ за градовите Велес, Скопје, Свети Николе, Штип и Битола и да му издаде Потврда бр.1 за регистрација на дигиталниот пакет програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа за градовите Велес, Скопје, Свети Николе, Штип и Битола.

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да ги запише барањето и потврдата во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка – Уп 1.

**Точка 12**

Во врска со Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Македонски Телеком АД за електронски комуникации - Скопје, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да го прифати Барањето за дополнување на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Македонски Телеком АД за електронски комуникации - Скопје и да му издаде Потврда бр.6 за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да ги запише барањето и потврдата во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка – Уп 1.

**Точка 13**

- Советот за радиодифузија на РМ ја усвои предложената Информација за потпишаниот Протокол за соработка за превенцијата и репресија на корупцијата и судирот на интереси од страна на Советот за радиодифузија на РМ.
- Во врска со предложената Информација за Писмото на намери на Радио Франс Интернатсионал, со седиште во Париз (наш број 03 УПП 75 од 31.03.2010 година), Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да ја усвои Информацијата за Писмото на намери на Радио Франс Интернатсионал, со седиште во Париз (наш број 03 УПП 75 од 31.03.2010 година). Советот ги задолжи сите организациони единици да започнат со подготвување нацрт-верзија на тендерската документација за распишување конкурс за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност на Радио Франс Интернатсионал, во партнерство со претпријатие од Република Македонија.

Бр. 02-930/11
27.05.2010 година
С к о п ј е

Совет за радиодифузија на РМ
П р е т с е д а т е л,
Зоран СТЕФАНОСКИ, с.р.

Записникот го водеше,
Огнен НЕДЕЛКОВСКИ